„PHILOLOGICAL STUDIES“ – Славистичко меѓународно интердисциплинарно списание од областа на хуманистичките науки

Издавач

Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, Институт за македонска литература – Скопје

***Philological Studies,* Vol. XXIV No. 2 (2026)**



Главен уредник

проф. д-р Јасмина Мојсиева-Гушева – Институт за македонска литература, Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, Македонија

Извршен уредник:

д-р Тамара Ќупева – Институт за македонска литература. Скопје, Северна Македонија

Уредувачки одбор

проф. д-р Ивица Баковиќ – Факултет за хуманистички и општествени науки, Универзитет во Загреб, Хрватска

д-р Бојан Чолак – Институт за литература и уметност, Белград, Србија

д-р Нина Дитмајер-Прандо – Институт за словенечка литература и литературни студии, Љубљана, Словенија

проф. д-р Роберт Ходел – Институт за славистички студии, Универзитет во Хамбург Германија

проф. д-р Бранко Тошовиќ – Институт за славистички студии, Универзитет „Карл-Франц“ во Грац, Австрија

проф. д-р Оксана Микитенко – Институт за: уметнички студии, фолклор и етнологија „Максим Рилски“, Национална академија на науки на Украина, Киев, Украина

СОДРЖИНА / CONTENT

Предговор (мк) 17

Preface (en) 18

Предговор (ср) 19

Predgovor (sl) 20

Predgovor (hr) 21

Филозофски и културолошки проблеми / Philosophical-Cultural Problems

Ангелина Бановиќ-Марковска / Angelina Banović-Markovska

ВРЕМЕНСКАТА ДИМЕНЗИЈА НА ВИСТИНАТА КАЈ ДОСТОЕВСКИ И БУЛГАКОВ /

THE TEMPORAL DIMENSION OF TRUTH IN DOSTOEVSKY AND BULGAKOV 25-52

Историја и филологија / History and Philology

Дарин Ангеловски / Darin Angelovski

КАНОНСКАТА ПРЕТСТАВА ЗА ТВОРЕШТВОТО НА ПИСАТЕЛОТ ИВАН ТОЧКО И НЕГОВАТА НЕОБЈАВЕНА КНИЖЕВНОСТ ЗА ДЕЦА /

THE CANONICAL REPRESENTATION OF IVAN TOČKO'S WORK AND HIS UNPUBLISHED WRITINGS FOR CHILDREN 55-67

Јазикот во историско-културолошки контекст (компаративен аспект) / Word in Historical and Cultural Context (Comparative Aspect)

Андреј Стојановски / Andrej Stojanovski

ПАРОДИЈАТА И ХИПЕРБОЛАТА / PARODY AND HYPERBOLE . 71-92

Литературата во интеркултурен контекст / Literature in Intercultural Context

Вељко С. Ивановић / Veljko S. Ivanović

ИДИОТ СТАНИСЛАВА ВИНАВЕРА: *РАТНИ ДРУГОВИ* И ТРАГОВИ РУСКЕ КУЛТУРЕ /

THE IDIOT OF STANISLAV VINAVER: *WAR COMRADES* AND MARKS OF RUSSIAN CULTURE 95-129

Јована Караникиќ Јосимовска, Анастасија Ѓурчинова / Jovana Karanikikj Josimovska, Anastasija Gjurčinova

ИТАЛИЈАНСКИТЕ ПРЕВОДИ НА МАКЕДОНСКИТЕ КЛАСИЦИ:КОНЕСКИ И УРОШЕВИЌ ПРЕД ЧИТАТЕЛИТЕ ВО ИТАЛИЈА /

ITALIAN TRANSLATIONS OF MACEDONIAN CLASSICS: KONESKI AND UROŠEVIĆ FOR ITALIAN READERS 131-155

Ivica Baković

MAKEDONSKI KLASICI U HRVATSKOJ: PRIJEVODNA RECEPCIJA MAKEDONSKE KNJIŽEVNOSTI I MAKEDONSKOG KNJIŽEVNOG KANONA U HRVATSKOJ OD 1991. DO 2025. /

MACEDONIAN CLASSICS IN CROATIA: THE TRANSLATIONAL RECEPTION OF MACEDONIAN LITERATURE AND THE MACEDONIAN LITERARY CANON IN CROATIA FROM 1991 TO 2025 157-196

Ivana Latković, Ana Marić

SPISATELJICE U, OKO I ONKRAJ KANONA JUŽNOSLAVENSKIH KNJIŽEVNOSTI /

WOMEN WRITERS WITHIN, AROUND, AND BEYOND THE CANON OF SOUTH SLAVIC LITERATURES 197-225

Снежана Николић / Snežana Nikolić

БАГДАЛА (1954) КАО ЗАЧЕТАК ПОЕТИКЕ ФРАГМЕНТАРНОСТИ И КОЛАЖИРАЊА У СТВАРАЛАШТВУ ДУШАНА МАТИЋА /

BAGDALA (1954) AS THE ORIGIN OF THE POETICS OF FRAGMENTARINESS AND COLLAGE IN THE OEUVRE OF DUŠAN MATIĆ 227-249

Гоце Смилевски / Goce Smilevski

ЗОШТО МАКЕДОНСКАТА КНИЖЕВНОСТ Е ОТСУТНА ОД *ЗАПАДНИОТ КАНОН* НА ХАРОЛД БЛУМ? /

WHY MACEDONIAN LITERATURE IS ABSENT FROM HAROLD BLOOM'S *WESTERN CANON* 251-267

Марко С. Тошовић / Marko S. Tošović

УСМЕНА ПРИЧА И ТИШИНА У РОМАНУ КОД ХИПЕРБОРЕЈАЦА МИЛОША ЦРЊАНСКОГ /

ORAL STORYTELLING AND SILENCE IN THE NOVEL AMONG THE HYPERBOREANS BY MILOŠ CRNJANSKI 269-290

Jakov Milovac

ĐAVOLSKA ZVIJERI, ČUDNO SAZDANA: FOKALIZACIJA I ROD U IGRI S ĐAVOLOVIM REPOM VITOMILA ZUPANA /

DEVILISH BEAST, STRANGELY MADE: FOCALIZATION AND GENDER IN VITOMIL ZUPAN'S GAME WITH THE DEVIL'S TAIL... 291-306

Марија С. Цветићанин / Marija S. Cvetićanin

ОБЛИЦИ СМЕХА У ПРИПОВЕДНОМ СТВАРАЛАШТВУ ЛАЗЕ ЛАЗАРЕВИЋА /

FORMS OF LAUGHTER IN THE NARRATIVE CREATION OF LAZA LAZAREVIĆ 307-322

Matija Ivačić, Ivan Moharić

PANSLAVIZAM JÁNA KOLLÁRA U ODABRANIM DJELIMA HRVATSKIH ILIRSKIH PJESNIKA (ADOPCIJA I TRANSFORMACIJA)

JÁN KOLLÁR'S PAN-SLAVISM IN SELECTED WORKS OF CROATIAN ILLYRIAN POETS (ADOPTION AND TRANSFORMATION) 323-350

Современото општество во културата, јазикот и литературата / Modern Society in Culture, Language and Literature

Јасмина Мојсиева-Гушева / Jasmina Mojsieva-Gusheva

ПРИРОДАТА ВО МАКЕДОНСКИТЕ НАРОДНИ БАЛАДИ (Еколошки и семантички пристап) /

NATURE IN MACEDONIAN FOLK BALLADS (An Ecological and Semantic Approach) 353-375

Проучување на говорот и лингводидактика / Speech Studies and Language Didactics

Симона Груевска-Маџоска / Simona Gruevska Madjoska

СИНОНИМИЈАТА И ЛЕКСИЧКО-СЕМАНТИЧКАТА АКУМУЛАЦИЈА ВО РОМАНИТЕ НА ГОЦЕ СМИЛЕВСКИ (Семантички и стилистички аспекти) /

SYNONYMY AND LEXICO-SEMANTIC ACCUMULATION IN THE NOVELS OF GOCE SMILEVSKI (Semantic and Stylistic Aspects) 379-400

Рецензии и информации / Reviews and Information

Тамара Бабић / Tamara Babić

О ЈЕДНОЈ ПРЕКООКЕАНСКОЈ ЧЕЖЊИ / ON A TRANSEOCEANIC LONGING 403-406

Наталија Благојевић / Natalija Blagojević

ИЗМЕЂУ ПОЈМА И ТУМАЧЕЊА: VADEMECUM КАО САВРЕМЕНИ ВОДИЧ КРОЗ ИСТОРИЈУ УМЕТНОСТИ /

BETWEEN CONCEPT AND INTERPRETATION: VADEMECUM AS A CONTEMPORARY GUIDE THROUGH ART HISTORY 407-409

Валентина Миронска-Христовска / Valentina Mironska-Hristovska

ХРИСТИЈАНСТВОТО ВО ЦРНОГОРСКИОТ ДУХОВЕН И КУЛТУРНОИСТОРИСКИ ИДЕНТИТЕТ /

CHRISTIANITY IN THE MONTENEGRIN SPIRITUAL AND CULTURAL-HISTORICAL IDENTITY 411-421

Љубица Д. Нешић / Ljubica D. Nešić

СВЕТИ САВА У ИСТОРИЈИ, ТЕОЛОГИЈИ И УМЕТНОСТИ /

SAINT SAVA IN HISTORY, THEOLOGY, AND ART..... 423-428

Билјана Ристовска-Јосифовска / Biljana Ristovska-Josifovska

ТРКАЛЕЗНАТА МАСА „АКАДЕМСКИОТ ПРОФИЛ НА КРСТЕ МИСИРКОВ“ – ПО ПОВОД 150-ГОДИШНИНАТА ОД РАЃАЊЕТО /

ROUND TABLE "THE ACADEMIC PROFILE OF KRSTE MISIRKOV" – ON THE OCCASION OF THE 150th ANNIVERSARY FROM HIS BIRTH (SKOPJE, 18 NOVEMBER 2024)..... 429-435

Бојан Чолак / Bojan Čolak

СИНТЕТИЧКИ ХОРИЗОНТИ НУШИЋЕВОГ ДЕЛА: О МОНОГРАФИЈИ *КЊИЖЕВНИ СВИЈЕТ БРАНИСЛАВА НУШИЋА* ГОРАНА МАКСИМОВИЋА /

SYNTHETIC HORIZONS OF NUŠIĆ'S WORK: ON THE MONOGRAPH *THE LITERARY WORLD OF BRANISLAV NUŠIĆ* BY GORAN MAKSIMOVIĆ..... 437-441

UDK: 821.163.3-93.09

КАНОНСКАТА ПРЕТСТАВА ЗА ТВОРЕШТВОТО НА ПИСАТЕЛОТ ИВАН ТОЧКО И НЕГОВАТА НЕОБЈАВЕНА КНИЖЕВНОСТ ЗА ДЕЦА

Дарин Ангеловски
Институт за македонска литература
Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје
ORCID ID: https://orcid.org/0000-0003-3401-4577

Клучни зборови: Книжевен канон, архив, книжевна меморија, Иван Точко, книжевност за деца.

Резиме: Во трудот се разгледува канонската претстава за творештвото на Иван Точко преку односот на објавениот опус, книжевната меморија и неговата книжевност за деца како творечка линија, присутна и во објавеното и во архивскизачуваното творештво.

Анализата поаѓа од трите објавени песни за деца во „Млад Борец“, листот на Народноослободителниот младински сојуз на Македонија во 1945 година: „Пионерска работа“, „Пионери мали, ej сила сте вие“ и „Солнцето е наше“. Овие песни се објавени под псевдонимот Кали Мало Точката, кој е присутен како потпис и кај петте необјавени раскази: „Лов“, „Штом паднеше снегот“, „Еден летен ден“, „Сликарот и овчарчето“ и „Сребрената пара и железниот клуч“.

Оваа состојба на објавено/необјавено укажува на книжевноста за деца на Иван Точко како творечка линија, која останува надвор од наследената претстава за творештвото на Точко, при што откриените архивски материјали не се поставуваат како автоматско проширување на канонот, туку како испитување на механизмите на книжевната меморија, која ја обликува канонската претстава.

THE CANONICAL REPRESENTATION OF IVAN TOČKO'S WORK AND HIS UNPUBLISHED WRITINGS FOR CHILDREN

Darin Angelovski
Institute of Macedonian Literature
Ss. Cyril and Methodius University in Skopje
ORCID ID: https://orcid.org/0000-0003-3401-4577

Keywords: Literary canon, archive, literary memory, Ivan Točko, children's literature

Summary: The paper examines the canonical representation of Ivan Točko's literary oeuvre through the relationship between his published works, literary memory, and his children's literature as a creative line represented in both published texts and unpublished archival materials.

The analysis begins with three poems for children published in *Mlad Borec*, the newspaper of the People's Liberation Youth League of Macedonia, in 1945: "Pioneering Work" (*Pionerska rabota*), "Little Pioneers, You are Awesome" (*Pioneri mali, ej sila ste vie*), and "The Sun is Ours" (*Solnceto e naše*). The poems appeared under the pseudonym Kali Malo Točkata, which also appears as the signature on five unpublished stories: "The Hunt" (*Lov*), "Once the Snow Fell" (*Štom padneše snegot*), "One Summer Day" (*Eden leten den*), "The Painter and the Shepherd Boy" (*Slikarot i ovčarčeto*), and "The Silver Coin and the Iron Key" (*Srebrenata para i železniot ključ*).

This relationship between these published and unpublished works points to children's literature as a creative line in Ivan Točko's oeuvre that remains outside the inherited canonical representation. The archival materials brought to light are not treated as an automatic expansion of the canon, but rather as a basis for examining the mechanisms of literary memory through which the canonical representation of an author is shaped.

1. Вовед: Мемориската судбина на книжевното дело

Книжевноста е индивидуален чин на создавање, но таа станува дел од колективната меморија само преку процесите што се одвиваат надвор од самиот чин на пишување. Во таа смисла,

може да се земе предвид разбирањето на меморијата како поле во кое индивидуалното и колективното не стојат едно спроти друго, туку се јавуваат како меѓусебно посредувани режими на книжевното создавање (Ricoeur, 2004: 93–132).

Во размислувањата на Пол Рикер за: меморијата, историјата и заборавот, односите меѓу индивидуалната и колективната меморија не се поставени како спротивности. Индивидуалното сеќавање секогаш се одржува преку конкретни: носители, сведоштва и чинови на присвојување на минатото. Во оваа поширока смисла, книжевното дело може да се согледува низ традиционалните вештини поврзани со јазикот, односно со книжевноста, како три различни начини на однос кон минатото: уметноста на меморијата, уметноста на заборавот и уметноста на сеќавањето. Првата го овозможува зачувувањето и уредувањето на она што треба да остане. Втората упатува на неизбежното испуштање, потиснување или отсуство, додека третата го означува повторното активирање на она што не било нужно присутно секогаш во свеста на заедницата. Нивниот заемен однос не е хиерархиски поставен. Она што е запаметено може да биде резултат на избор, она што е заборавено не мора да значи дека било безвредно, а она што повторно се појавува не мора да било отсекогаш дел од активната книжевна меморија. Во таа смисла, животот на книжевните дела зависи од начините на кои тие се зачувани, се пренесувани, се читани, повторно се повикувани во сеќавањето и наново се толкувани. Во таа смисла, историјата на книжевното дело не е само историја на неговото создавање и објавување, туку и историја на неговата мемориска судбина, односно, на она што останало присутно, она што се повлекло од активната книжевна меморија и она што, по извесно време, повторно може да биде пронајдено, прочитано и вреднувано.

Оттука и книжевниот канон може да се разбере не само како збир на дела што се прогласени за вредни, туку и како своевиден мемориски механизам, кој ја организира книжевната традиција преку процесите на: селекција, повторување и пренесување. Во него се присутни визиите на авторот и неговото дело, но со нив се пресретнуваат и пресекуваат визиите и на: читателите, критиката, книжевната историја, издавачките практики и

образовните институции. Оттука и претставата за она што го вреднуваме како опус на одреден автор не е нужно идентично да се совпаѓа со сето она што авторот го напишал. Најчесто тоа е книжевен корпус, којшто низ времето бил: издвојуван, објавуван, читан, вреднуван и повторно претставуван.

Токму затоа амбицијата што се имплицира во поимот „целокупно творештво“ кога се согледува опусот на одреден автор, заслужува одредена претпазливост. Привидната целовитост на овој поим мошне често го содржи процесот на селекција преку која самата целовитост се конструира. Така, некои текстови биле објавени како книги, други станале објави во периодиката, трети останале зачувани како ракописи, а постојат и такви за кои ја задржуваме можноста да мислиме дека биле напишани и исчезнале без трага. Од оние сочуваните, некои го привлекле вниманието на критиката и на книжевно-историските читања. На тој начин, книжевната меморија не го чува делото, т.е. опусот во неговата првична целовитост, туку го наследува преку различни степени на присутност.

Овој проблем јасно се поставува при повторните читања на авторското „Јас“. Авторот, во своето дело, не е присутен само како име со кое се потпишани неговите текстови. Тој во нив се впишува преку автореференцијанопоставените врски, преку повторното навраќање кон сопственото искуство, кон: сопствената средина, сопствената лектира и преку сопственото разбирање за пишувањето. Подоцна, кога неговиот опус ќе биде претставуван од критиката и од книжевната историја, тоа авторско „Јас“ повеќе не се појавува во својата првична распрснатост. Тоа се преобразува во препознатлив авторски лик како своевидна претстава за авторот што може да биде пренесувана и повторувана.

2. Иван Точко во книжевниот канон: Конструираниот опус

Оваа трансформација во случајот со разгледувањето на книжевниот опус на Иван Точко (1914, Охрид – 1973, Скопје) е особено видлива. Како објавуван автор, Точко дебитира уште

како гимназијалец со расказите: „Нашиот поет“, „Напролет“ и „Од дневникот на еден поет“, објавени во „Јужна стража“, списанието на Битолската гимназија во 1933 година на „српско-хрватски јазик“[1]. Неговото прво позначајно раскажувачко остварување е расказот „Бојана“, објавен во софискиот весник „Литературен глас“ во 1942 година[2]. Расказот „Јон“ е неговиот прв објавен расказ на македонски јазик, публикуван во првиот број на списанието „Нов ден“ во 1945 година.

Интересот кон темите за локалното милје, што е карактеристичен за почетната творечка фаза во која спаѓа првообјавената збирка раскази „Бојана“ (1953)[3], заедно со збирките „Акорди“ (1957)[4] и „Прстен“ (1959)[5], добива поширок и универзалистички тон со воведувањето на актуелни теми (печалбарството, современоста, родовите прашања итн.), кои ја обележуваат втората етапа од неговото книжевно зреење. Тематското осовременување на расказноста, заедно со елиптичноста на изразот, како општи карактеристики на оваа фаза кај Точко, води кон поголема доследност во организирањето на расказната целина во која се вкрстуваат постапките на раскажување и на опишување. Доколку инклинирањето кон наративноста го поттикнува ефектот на т.н. пресоздадена реалност, тогаш поголемата упатеност кон дескриптивноста води кон поголемо сегментирање на стварноста, кое кулуминира како романтичарски извик со нагласен сентиментализам, каков што е случајот со лирско-прозните минијатури „Вино за душите“ (1968)[6] и „Грев“ (1971)[7].

---

[1] Иван Точковиќ. „Нашиот поет“. 1933. „Јужна стража“. I Год. бр. 3, стр. 19.
Иван Точковиќ. „Напролет“. 1933. „Јужна стража“. I Год. бр. 5-6, стр. 11–12.
Иван Точковиќ. „Од дневникот на еден поет“. 1933. „Јужна стража“. I Год. бр. 7-8, стр. 14–16.

[2] Ив. Кл. Точковъ. „Бояна“. „Литературен глас“, XIV/555, 13.5.1942, 1-3.

[3] Иван Точко. 1953. „Бојана“. Скопје: Кочо Рацин.

[4] Иван Точко. 1957. „Акорди“. Скопје: Кочо Рацин.

[5] Иван Точко. 1959. „Прстен“. Скопје: Кочо Рацин.

[6] Иван Точко. 1968. „Вино за душите“. Скопје: Мисла.

[7] Иван Точко. 1971. „Грев“. Скопје: Македонска книга.

Осврнувајќи се кон прозното дело на Иван Точко, Миодраг Друговац ќе го определи расказниот опус на Точко како „една од нужните етапи на нашата литература во постојниот, сè подинамичен развој кон повисоки, кон посложени, кон помодерни зафати и облици на траење“ (Друговац 1968: 209). Ваквата градација го воведува раскажувачкото искуство на Точко во сферата на поширокиот уметнички дискурс, кој се раководи, според односот дијалог – нарација, својствен за книжевниот идентитет на подоцнежните дела: „Плуто“ (1972)[8], „Под Акропол“ (1973)[9] и „Робинка“ (1973)[10], кои го сочинуваат драмскиот пејзаж, овоплотен под насловот „Охридска трилогија“ (1974)[11]. Во однос на прашањето за вреднувањето на драмскиот опус на Точко, Блаже Конески ќе го истакне следново: „Иван Точко е роден раскажувач, и тој пред сè како раскажувач ќе остане крупна појава во македонската литература. И неговите драми не ќе можеме, ми се чини, да ги оцениме како што треба, ако ги изделиме од поширок контекст на неговата раскажувачка проза и од она што е нејзина доминантна карактеристика“ (Конески 1971: 11).

Критичката претстава за творештвото на Точко низ времето се обликува според историцизмот што е својствен за неговиот светоглед, како и според традиционализмот што е поставен во основата на неговото раскажување. Препознатливата слика за Точко што се воспоставува низ времето како претставник на македонското книжевно наследство го портретира како еден од основачите на современата македонска проза. „Карактеристично за него како раскажувач“, вели во една пригода Димитар Митрев: „е тоа што тој веќе полни триесет години работи исклучиво како раскажувач. За него може да се каже дека навистина придонел за култивирање на македонскиот расказ. Одликата на

[8] Иван Точко. 1972. „Плуто, драма во 8 сцени со пролог“. Скопје: Современост.
[9] Иван Точко. 1973. Под акропол, драма во четири сцени“. „Современост“. Год. 23, бр.10. стр. 999–1020.
[10] Иван Точко. 1973. „Робинка, драма во девет сцени со пролог“. „Културен живот“, год. 18, бр. 9-10. стр. 25–35.
[11] Иван Точко. 1974. „Охридска трилогија“. Скопје: Мисла.

раскажувањето на Иван Точко е во ненапуштањето на фабуларниот тек. Тој умее да изгради занимлива интрига, а да не го занемари убедливото градење на ликовите. Таа особина необично го популаризираше меѓу нашиот читателски свет. Но Точко е познат не само кај нас во Македонија. Неговите раскази се објавувани во сите југословенски републики. Освен тоа Точко е преведуван на англиски, руски, украински, полски, бугарски и чехословачки јазик“[12]. Како преведуван автор, Точко го привлекувал вниманието и на проследувачите на македонската литература надвор од границите на Македонија. Оскар Давичо ќе го одбележи како „значаен, расен македонски раскажувач“, како, […] „еден од ретките родители на македонската проза“[13].

Но, и покрај изнесените критички ставови, прашањето за содржината на неговото „целокупно творештво“ ја отвора можноста оваа претстава повторно да се подложи на проверка. Не за да се негира постојниот опус, туку за да се види што се случува со текстовите што не влегле во мемориската конструкција на македонскиот книжевен канон. Во таа смисла го насочуваме вниманието кон архивскиот корпус што ги чува трагите на книжевното минато на авторот. Како место на сеќавање во него се среќаваат различни степени на книжевна присутност, онаа на објавеното и на необјавеното, на печатениот текст и на ракописот, неговата конечна верзија и нејзините претходни облици. Токму во оваа точка на навраќање кон опусот на Точко се среќаваме со една творечка линија, којашто не е доволно видлива во наследената слика за неговото творештво – неговата книжевност за деца.

3. Точко како автор на книжевност за деца

Денес, кога зборуваме за целокупниот опус на Иван Точко, всушност, зборуваме за конкретен книжевен корпус, кој

[12] Фонд „Иван Точко“, Архив „Харалампие Поленаковиќ“, МАНУ. V Кутија, V папка. Рецензии во врска со творештвото на авторот.
[13] Фонд „Иван Точко“, Архив “Харалампие Поленаковиќ“, МАНУ. V Кутија, V папка. Рецензии во врска со творештвото на авторот.

претставува резултат на процесите на неговите објавувања, избори и на книжевно-критичката рецепција. Сепак, архивските материјали во Фондот „Харалампие Поленаковиќ“ при Македонската академија на науките и уметностите овозможуваат увид во оној аспект на неговото творештво, кој, наследената претстава, не го покажува доволно јасно, а тоа е дека Иван Точко пишувал и објавувал книжевност за деца.

Трагата на оваа творечка линија во творештвото на Точко започнува во периодиката, поточно, на страниците на „Млад Борец“, листот на народноослободителната младина на Македонија, каде што се објавени три песни за деца со силно идеологизирана тематска ориентација, потпишани со псевдонимот Кали Мало Точката: „Пионерска работа“, „Пионери мали, ej сила сте вие“ и „Солнцето е наше“.

Под истиот псевдоним во архивскиот корпус ги евидентираме и петте необјавени раскази за деца, некои од нив настанати во текот педесеттите години на минатиот век: „Лов“, „Штом паднеше снегот“, „Еден летен ден“, „Сликарот и овчарчето“ и „Сребрената пара и железниот клуч“. На тој начин, истиот авторски потпис, поврзувајќи го објавеното со необјавеното, ја отвора можноста книжевноста за деца да се согледа не како случајна периферна појава, туку како посебна творечка линија во книжевното дело на Иван Точко.

Во своите автобиографски сведоштва, Точко ги поврзува почетоците на својата писателска биографија со детството и со првите обиди за пишување поезија. Во интервјуто што го дава за програмата на Радио Скопје во 1973 година тој вели: „Уште во основно училиште започнав со стихотворби. Добри? Не знам. Продолжив во гимназијата. На состаноците на литературната дружина жестоко ме критикуваа. Но тие критики не ме декуражираа, како ни покасно кога го претрчав детството и почнав да пишувам раскази за коишто до ден денес не напишаа ниту еден добар збор, многу критичари, дури и еден реномиран... Но и ова го истакнувам нарочно да би ја потврдил вистината дека критичарот може да помогне, но, и кога пушта најотровни стрели,

тој не може да запре еден творец кој е решен да истрае – докрај да го носи својот крст...

Не заборавите, пишувањето не е забава, ни разонода. Пишувањето е Голгота, вистинска Голгота...“[14]

Претставата за пишувањето не само како континуитет, туку и како истрајување на фонот на критичката рецепција добива квалитет на претстава за себе во автобиографскиот запис, каде што на едно место авторот вели: „Во пети клас се јавив на првата седница на литературната дружина со свои стихотворби (од кои паметам некои стихови: Сумрак се спушта тихо и немо, а ја седим тужан на прозору свом. Надам се нечем, ал не знам чему, очекујем неког ал не знам кога...). Со мене се јавија уште неколку ученици од пети и шести клас со свои стихови. Критиката нѐ дочека со уништожителен огин. Камен на камен не остана од нашите творби. Не знаевме вратата да ја најдеме од срам и мака. Сите истиот час и засекогаш се откажаа од пишување. Освен јас. (Може ќе беше поарно да ги последував, не ќе доживеев толку горчини покасно во животот од разни несовесни, алчни, мрзливи и некултурни критичари, кои пишувале за моите литературни творби.). Продолжив да се јавувам со нови литературни творби. И идната година, како ученик од VI разред бев избран за втор книжничар (дотогаш за тоа место обавезно се бираше ученик од седми клас) на Гимназијата, кое значеше високо признање и чест. Гимназијата имаше богата библиотека, со стара традиција, а книжничарите првиот (осмокласник) и вториот беа членови на Управата на литературната дружина.“[15]

---

[14] Фонд „Иван Точко“, Архив „Харалампие Поленаковиќ“, МАНУ.
V кутија, VI папка.
Извадок од интервју со авторот, емитувано на програмата на Радио Скопје, на 30.III 1972 г. во 18 часот. Отчукан текст на машина, со големи корекции на авторот.

[15] Фонд „Иван Точко“, Архив „Харалампие Поленаковиќ“, МАНУ.
I кутија, II папка. „Автобиографија“, ракопис на машина со корекции од авторот – 9 листа, 9 страни.

Во автобиографскиот запис Точко се навраќа и на своите први прозни обиди: „Летото 1935 г. го напишав расказот'Бојана', како и некои други помали состави кои не можев никаде да ги печатам, и скоро сè уништив. И повеќе не пишував. Расказот 'Бојана' остана благодарение на тоа што ѝ го имав посветено на една своја пријателка, која го чуваше во ракопис. Преку велешанинот Ристо Василев, кој студираше Технички факултет, разменив некои ракописи со Кочо Рацин, кого подоцна и лично го запознав и честопати се среќававме во Народната библиотека во Белград."[16]

Овие автореференцијални фрагменти не упатуваат на континуирана творечка линија, која ја сугерира целовитоста на опусот. Напротив, тие сведочат за прекините, необјавувањата, уништувањето на ракописите, но и за жарта на писателскиот импулс. Од она што било напишано не останало сè, а од она што останало зачувано не било објавено сè. Во таа смисла, архивскиот материјал не го надополнува едноставно веќе познатиот опус на Точко, туку овозможува да се види и патот по кој еден дел од неговото творештво станал невидлив во наследената претстава за него.

Токму во овие зони на допир меѓу објавеното и необјавеното, зачуваното и исчезнатото се појавува книжевноста за деца на Точко, која не може да се сведе на неколку изолирани текстови. „Сочуваните раскази за деца, досега непознати во книжевната рецепција на Точко, го поместуваат авторскиот глас од препознатливиот простор на неговата раскажувачка проза и го поставуваат пред поинаков адресат, го исправаат пред поинаква раскажувачка ситуација и го ситуираат во поинаков хоризонт на книжевно обликување. Нивното објавување нема за цел библиографски да го дополни познатиот опус, туку да го постави прашањето за границите според кои тој опус се воспоставувал и, според тоа, посредно да ги испитува потребите на книжевниот

[16] Фонд „Иван Точко", Архив „Харалампие Поленаковиќ", МАНУ.
I кутија, II папка. „Автобиографија", ракопис на машина со корекции од авторот – 9 листа, 9 страни.

канон во кој Иван Точко го зазел своето место“ (Ангеловски 2026: 12). Со нив се појавува еден поинаков Точко – не повеќе само како автор што е преокупиран со светот на возрасните, туку како писател, кој го обликува личното искуство од перспективата на детскиот светоглед.

Во тој простор на креативна дразба настанува книжевната активираност на неговите раскази за деца. Во нив фактографското не останува само документ за едно минато време, а личното сеќавање не останува ексклузивно лично сведоштво за времето на детството, туку се преобразува низ изборот и низ перспективата на раскажувачката постапка. Такви се расказите: „Еден летен ден“, „Штом паднеше снегот“ и „Лов“, посветени на темите на детската игра во пејзажот на секојдневниот живот во родникот крај.

Испреплетеноста на приватното и на јавното во овие раскази се остварува низ реалистичен дискурс со нагласена референцијално-информативна димензија, но и со јасно присуство на литераризација и на наративно обликување. Таков е примерот и со расказите „Сликарот и овчарчето“ и особено со расказот „Сребрената пара и железниот клуч“, изведен низ елементите на подучувачкиот дух на древната басна.

4. Заклучок: Архивот и границите на канонската претстава

Разгледувањето на објавената и на архивски зачуваната книжевност за деца на Иван Точко покажува дека канонската претстава за еден автор не се совпаѓа нужно со обемот и со разновидноста на неговото зачувано творештво. Во случајот со Точко, трите објавени песни за деца од 1945 година и петте необјавени раскази за деца, потпишани со псевдонимот Кали Мало Точката упатуваат на творечка линија што досега останала недоволно видлива во книжевно-историската рецепција. Поврзувањето на овие наслови нема намера да конструира поинаков и целоснозаокружен авторски лик, туку да ја посочи потребата постојната претстава за неговото творештво да се

согледува и според материјалите, кои не се опфатени во таа претстава.

Во оваа смисла, архивот не се јавува само како место, кое го чува книжевното минато, туку и како простор во кој се преиспитуваат границите на она што го наследуваме како претстава за определен авторски опус. Автобиографскиот запис на Точко, неговите сведоштва за раните книжевни обиди и податоците за необјавените или на уништените ракописи дополнително ја усложнуваат претставата за творечкиот континуитет, покажувајќи дека пишувањето, објавувањето и подоцнежното книжевно вреднување не се совпаѓаат во една единствена линија. Затоа, она што останало необјавено не е само недостиг или отсуство во библиографијата на авторот, туку е показател за разликата меѓу зачуваното творештво и она што станало познато, односно меѓу книжевниот корпус и корпусот што станал дел од активната книжевна меморија.

Книжевноста за деца на Иван Точко, согледана преку односот меѓу објавените песни во периодиката и зачуваните раскази, отвора можност за поинакво читање на неговото творечко дело и за натамошно истражување на неговите жанровски разновидности. Нејзиното вклучување во истражувачкиот хоризонт не претставува автоматско проширување на канонските дела, туку поттик за испитување на: критериумите, практиките и посредниците, преку кои се обликува претставата за творештвото на еден автор.

Оттука, прашањето што се поставува не се однесува само на она што останало надвор од објавениот опус на Точко, туку и на тоа зошто и како одредени текстови станале видливи, додека други останале на периферијата на опусот. Токму во таа разлика меѓу зачуваното, објавеното и запаметеното се отвора просторот за критичко преиспитување на книжевната меморија и на канонската претстава што таа ја пренесува.

Библиографија:

Извори:
Фонд „Иван Точко“, Архив „Харалампие Поленаковиќ“, МАНУ

Библиографија:

Ангеловски, Дарин. (2026). „Неканонски дела од канонски автор“. Предговор во *Кали Мало Точката, Избор од необјавеното раскажувачко творештво на Иван Точко*. Скопје: ИМЛ. [Angelovski, Darin. (2026). “Nekanonski dela od kanonski avtor“ Predgovor vo Kali Malo Točkata, Izbor od raskažuvačkoto tvoreštvo na Ivan Točko [”Noncanonical Works from Canonical Author”, Foreword in *Kali Malo Točkata*, *Unpublished stories by Ivan Točko*]. Skopje: IML. (In Macedonian)]

Ангеловски, Дарин. (2023). „Иван Точко“, *Енциклопедија на македонската книжевност, Автори и дела* https://mke.iml.edu.mk/Home/Avtor/226 Пристапено: 3.10.2026 г. [Angelovski, Darin. (2023). “Ivan Točko, *Enciklopedija na makedonskata književnost, Avtori i dela* [“Ivan Točko”, *Encyclopedia of Macedonian Literature, Authors and Works*]. https://mke.iml.edu.mk/Home/Avtor/226. 3.10.2026 г. (In Macedonian)

Друговац, Миодраг. (1968). „Поговор“, во: Иван Точко. *Прстен*, Скопје: Македонска книга, стр. 205–209. [Drugovac, Miodrag. (1968). “Pogovor” [“Afterword”], Ivan Točko, *Prsten* [*Ring*], Skopje: Makedonska kniga, 205-209. (In Macedonian)

Конески, Блаже. (1971). „Иван Точко и неговата ’Охридска трилогија‘ “. Во: Иван Точко. *Охридска трилогија*. Скопје: Мисла, стр. 5–14. [Koneski, Blaže. (1971). “Ivan Točko i negovata ‘Ohridska trilogija’”. Vo: Ivan Točko. Ohridska trilogija [Ivan Točko and his ‘Ohrid’s trilogy’. In Ivan Točko. *Ohrid’s trilogy*]. Skopje: Misla, 5-14. (In Macedonian)

Ricoeur, Paul. 2004. *Memory, History, Forgetting.* Translated by Kathleen Blamey and David Pellauer. Chicago: University of Chicago Press.